РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

**ДКСК** **KSHPK**

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-954/3
15-09-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 38-та седница одржана на ден 31.08.2026 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот број 12-1544/1 од 16.05.2025 година, оформен по пријава со наводи за незаконско унапредување на лицето -------- во Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за нејзино надлежно постапување по предметниот случај, од причина што за истиот постапил друг надлежен орган кој не констатирал неправилности во постапката за унапредување.

Предметот со број 12-1544/1 од 16.05.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

До ДКСК на ден 16.05.2025 година, од страна на непознат подносител, поднесена е пријава со наводи против одговорни лица во Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: МВР), за сомневање за незаконско унапредување на лицето -------, по што е оформен предмет број 12-1544/1.

Во пријавата се наведува дека лицето ------- било незаконски унапредено по интерен оглас објавен во 2024 година, распишан за работно место во -------- – Сектор за професионално работење, превенција и интегритет при МВР. Според наводите, унапредувањето било спроведено во рок пократок од четири месеци, под директно влијание на раководни лица, при што интерниот оглас бил прилагоден за конкретното лице, а во постапката клучна улога имал еден член на Комисијата за унапредување.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Во насока на проверка на пријавените наводи и утврдување на фактичката состојба, ДКСК достави барање за прибирање информации и документација до МВР за вршење на внатрешна контрола, додека до Државниот инспекторат за труд достави Барање за вршење на вонреден инспекциски надзор над предметната постапка.

По барањата на ДКСК од страна на МВР и Државниот инспекторат за труд доставени се одговори со класифицирани информации кои овие две институции како создавачи на информациите ги означиле со степен на класификација „Строго доверливо" и истите во ДКСК се заведени под број ----- од 06.08.2025 година и број ------ од 18.12.2025 година.

Од увидот во целокупната документација во предметот ДКСК го констатира следното:

На ден ----- година, бил објавен интерен оглас во МВР за пополнување на слободно работно место „------- во Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди", со рок за пријавување од 5 (пет) работни дена од денот на објавување на огласната табла во организациската единица.
Согласно, Законот за внатрешни работи постапката била спроведена од страна на Комисија за распоредување и унапредување, формирана со Решение на министерот и неговите измени и дополнувања, која изготвила Записник согласно кој пријавеното лице било предложено како најдобро рангиран кандидат за работното место за кое бил распишан интерниот оглас. По предлогот, Комисијата донела Одлука со која работникот ------, дотогаш вработен на работно место категорија Д, ниво Д1 – ------- во Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, бил унапреден во категорија Б, ниво Б3 – ------- – превенција и интегритет. Решението за унапредување на наведеното лице го донел министерот за внатрешни работи.

Државниот инспекторат за труд, по барање на ДКСК извршил вонреден инспекциски надзор во Министерството за внатрешни работи во врска со предметната постапка за унапредување на лицето -------. Во доставениот Записник за извршен надзор со утврдена фактичка состојба, не се утврдени неправилности во постапката на спроведување на огласот и унапредувањето кое е предмет на пријавата до ДКСК.

Имајќи го предвид погоре констатираното, ДКСК утврди дека постапката за унапредување била спроведена врз основа на објавен интерен оглас од страна на надлежна комисија формирана со соодветни решенија, при што било констатирано дека кандидатот -------- ги исполнувал условите утврдени во огласот. Воедно, за предметната постапка постапил друг надлежен орган кој во рамките на своите надлежности извршил инспекциски надзор и не констатирал неправилности во предметната постапка за унапредување на работник.

Оттаму, ДКСК оцени дека во конкретниот случај нема елементи за нејзино натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик претседател/Nënkryetar**

**Besnik Xhemaili**

Изготвил: м-р Ф.О.,Советник и Офицер за безбедност на класифицирани информации
Одобрил/Miratoi: В.ХН.-Заменик претседател/Nënkryetar